
ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

за примена на мерки на заштита за деца и ученици од насилство вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза



Авторки:
Гордана Блажевска Спиридонова
Елена Иваноска-Миноска
Џулијана Мишевска

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

за примена на мерки на заштита за деца
и ученици од насилство вклучувајќи
врсничко насилство и говор на омраза

Гордана Блажевска Спиридонова
Елена Иваноска-Миноска
Џулијана Мишевска

2026 година

Совет на Европа

Оваа брошура е изработена во рамки на проектот „Борба против омразата и нетолеранцијата“ која се спроведува во рамките на заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“.

Оваа брошура е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови нужно не го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот.

Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „©Советот на Европа, 2026“.

Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директорат за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int). Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Дирекцијата за комуникации, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00; E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

Наслов:
Прирачник за наставници за примена на мерки на заштита за деца и ученици од насилство вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза

Авторки:
Гордана Блажевска Спиридонова
Елена Иваноска-Миноска
Џулијана Мишевска

Уредничка:
Јелена Кадриќ

Лекторка:
Татјана Стојановска

Слика на корица: magnific.com
Дизајн на корица и изглед: Дамјан Канзуров
Фотографии: magnific.com

Институт за човекови права
Скопје, 2026 година

Содржина

ВОВЕД 5

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГОВОР НА ОМРАЗА 7

2. ДЕФИНИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО 10

2.1. Облици на насилство 12

2.2. Улоги и карактеристики на вклучените страни во ситуации на насилство 13

3. ПРОГРАМИ – СТРАТЕГИИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО 16

3.1. Превентивни активности 19

3.2. Мерки на интервенција 20

3.3. ТИМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО 23

4. ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО ВО ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНО И ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ 24

5. ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЛИ ПРЕКРШОЦИ 25

5.1. Постапка за деца под 14 години 25

5.2. Постапка за деца над 14 години 25

5.3. КАЗНИ (САНКЦИИ) ЗА ДЕЦА 26

5.4. КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА 27

ПРИЛОГ 1: ПРОГРАМА ЗА НЕНАСИЛСТВО И БЕЗБЕДНОСТ НА УЧЕНИК ВО СИТУАЦИИ НА НАСИЛСТВО, МАЛТРЕТИРАЊЕ И ЗАПОСТАВУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО 30

ПРИЛОГ 2: ПОЛИТИКА ЗА НЕНАСИЛСТВО НА УЧИЛИШТЕТО 34

ПРИЛОГ 3: ПРИМЕРИ НА НАСИЛНИ ПОСТАПКИ КОИ ПРЕДИЗВИКУВААТ ПОМАЛА ПОВРЕДА, ОДНОСНО ПОСЛЕДИЦИ 36

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 39

ВОВЕД

Која е намената на Прирачникот?!

Прирачникот е наменет за утврдување на конкретните начини на постапување на Училиштето во различните ситуации кои содржат еден или повеќе елементи на примена на некој облик на насилство врз ученик/чка и ученици вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза. Прирачникот служи да се појаснат и воедначат за сите учесници во Училиштето - дефинирањето на облиците на насилство кои може да се јават, улогите на секој во ситуациите на насилство кое се случува или се случило и улогите и одговорностите на сите во решавањето на ситуациите на примена на насилство. Со примената на насоките и препораките на Прирачникот, воспитно-образовната институција ќе работи на обезбедување на сигурна и безбедна средина за сите засегнати страни во воспитно-образовниот процес заснована на принципот на почитување на еднаквоста и недискриминацијата.

За кого е наменет Прирачникот?!

Заштитата на децата и учениците од насилство, малтретирање, злоупотреба, занемарување во воспитно - образовните институции е неопходен процес кој бара вклученост на сите учесници во институцијата, сите вработени, учениците, родителите/стрателите, како и локалната заедница. За да се обезбеди адекватна и реална заштита на децата и учениците неопходно е *сите учесници на воспитно-образовната институција* (во понатамошен текст: Училиштето) да бидат запознаени со креираните и договорени постапки за заштита на децата и учениците и бидат вклучени во истите во зависност од својата улога во договорените процедури на постапување.

Прирачникот е наменет пред сé за наставници, но и за сите други кои се соочиле со ваква проблематика и сакаат да се информирани како треба да постапат во соодветна ситуација кога ќе забележат врсничко насилство вклучувајќи и говор на омраза.

Како може да користи Прирачникот за секој во воспитно - образовниот процес?

Со прирачникот конкретно и суштински би се пристапило на градење на процедури и чекори со чија примена се обезбедува сигурноста и безбедноста на сите во образовната институција. Се утврдуваат постапно сите неопходни чекори и постапки кои вклучуваат:

- воспоставување и одржување на средина за учење во која не се толерира насилството и говорот на омраза и се негува соживот;
- идентификување на проблемите кои создаваат услови за манифестација на насилство, присуство на насилни форми на однесување и начини на идентификување на облиците на насилство;
- утврдување на превентивни активности со кои ќе се гради култура на нулта толеранција на насилство и подготвеност за ненасилна комуникација и работа на сите учесници во воспитно-образовниот процес - наставници, стручни соработници, директорот, учениците;
- утврдување на интервентни активности кога се јавува некој облик на насилно однесување и одредување на чекорите на постапување на Училиштето и улогите на училишниот персонал, како и останатите учесници во училиштето;

- развивање на вештини кај училишниот персонал во постапување со учениците во различните улоги во кои може да се јават при ситуации на насилно однесување.

Како може да се користи Прирачникот?!

Прирачникот служи за поддршка на Училиштата во градење на училишни пристапи кои ќе го намалат насилството и говорот на омраза и обезбедат одржливост во работата со предизвиците поврзани со насилното однесување и придонесат кон развивање на социјални, емоционални и бихејвиорални вештини кај учениците, како и возрасните.

Прирачникот посочува чекори во градење на програми, процедури и постапки кои ќе може да ги познава и применува секој ученик/чка во училиштето и со кои би се работело на постигнување на безбедност за сите учесници во училишниот соживот.

Последиците по детето и ученикот/чката кои се изложени на една или повеќе облици на насилно однесување вклучувајќи и говор на омраза се сериозни по неговото и нејзиното физичко, психичко и емоционално здравје и добросостојба и влијае посредно и на училишните постигнувања на учениците.

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГОВОР НА ОМРАЗА

Според принципот на еднаквост, сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во уживањето и остварувањето на сите права и слободи. Принципот на еднаквост гарантира дека секое лице е еднакво пред законот и за него, еднакво важат правата и слободите втемелени во националното, но и меѓународното право. Еднаквоста подразбира рамноправност на сите луѓе во однос на уживање на основните права и слободи без ограничувања засновани врз одредени лични карактеристики. Покрај тоа, еднаквоста на луѓето вклучува и еднакви можности. Од друга страна пак, дискриминацијата претставува нееднакво постапување кон некое лице или група на лица поради нивните лични заштитени карактеристики. Според дефиницијата дадена во Законот за спречување и заштита од дискриминација[1], дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Дискриминаторска основа, претставува основа заштитена со закон, како на пример раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост, возраст, или која било друга основа.

Дискриминацијата произлегува од нашите стереотипи или предрасуди кон определени групи во општеството, кои доведуваат до нивна стигматизација, маргинализација и дискриминација.

Важно е и да се прави јасна разлика помеѓу нееднаков третман и **афирмативните мерки и позитивните мерки за акција**. Посебните мерки кои државата ги презема, со цел да ги доведе различните обесправени групи (на пример девојчињата, учениците со попреченост, учениците Роми итн.) да можат еднакво и во целост да ги практикуваат своите права, не се сметаат за дискриминација. Напротив, отсуството на вакви мерки кое придонесува за продолжување на нееднаквата положба на обесправените групи може да се смета за дискриминација, токму поради отсуство на соодветна реакција од страна на државата.

Кои закони предвидуваат заштита од дискриминација?

Заштитата од дискриминација е загарантирана со:

- **Уставот на РСМ;**
- **Законот за спречување и заштита од дискриминација** (специјален закон – *lex specialis*) и
- **Кривичниот законик**

Дополнително, важна е и заштитата предвидена во други закони кои се особено релевантни за ученици и училишта:

- Законот за заштита на децата;
- Законот за основно образование и
- Законот за средно образование

1 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен Весник на РСМ бр.258/2020, член 6

Дискриминацијата не е само прекршок, туку и кривично дело!

Според Кривичниот законик[2], лице кое:

- Одзема или ограничува права на други луѓе поради: пол, раса, етничка припадност, јазик, религија, политичка припадност, инвалидитет, возраст, здравје, имотен статус, и сл. се казнува со затвор *од 3 месеци до 3 години*
- Лице кое повредува човекови права поради иста причина *се казнува со затвор од 6 месеци до 5 години*
- За расна омраза, дискриминација или ширење идеи за расна супериорност *казна затвор од 6 месеци до 3 години*

Важно е да се спомене дека принципите на недискриминација и еднаквост треба да бидат водилка и при постапувањата на сите органи во случаи на врснички насилство (кое е подетално објаснето подолу). Односно училиштата треба да овозможат безбедна средина за учење без стигма и предрасуди. Секако тоа не значи дека треба да се занемарат различностите од аспект дека училиштата треба да ги имаат предвид различните карактеристики и мотивите за насилство и според истите да спроведуваат пред сè превентивни мерки земајќи ги предвид посебните карактеристики и специфики на учениците.

Што е говор на омраза?

Говорот на омраза е поим со различно значење и иако нема единствена, конзистентна дефиниција најчесто се дефинира како јавен говор кој изразува омраза или поттикнува насилство кон личност или група врз основа на заштитени карактеристики/обележја како што се раса, религија, пол, сексуална ориентација итн.

Според дефиницијата на **Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ)**[3], говорот на омраза е сфатен како секој вид изразување кое поттикнува, промовира, шири или оправдува насилство, омраза или дискриминација кон лице или група лица, или кое омаловажува, поради реални или припишани лични карактеристики или статус како што се „раса", боја, јазик, религија, националност, национално или етничко потекло, возраст, инвалидитет, пол, родов идентитет и сексуална ориентација.

Говорот на омраза е секој говор, истакнат како устен, односно одредена гестикулација или однесување, пишан текст, или каков било приказ којшто е забранет поради можноста да поттикне насилство или предрасудно дејствување против некој заштитен поединец или група, или поради што се деградира или заплашува одреден поединец или група.

Затоа особено е важно и при индивидуални случаи на насилство да се изврши процена дали истото може да е мотивирано поради омраза (поради карактеристика којашто ја има детето –попреченост, етничка и религиозна припадност итн.).

Во националната правна рамка **говорот на омраза** претставува кривично дело и е опфатен со повеќе кривични дела, предвидени во **Кривичниот законик (КЗ)**. Кривичниот законик го дефинира говорот на омраза[4] како: „кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот, кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика, или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување."

2 Кривичен законик, Службен Весник на РСМ бр.37/1996, 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023; 188/2023

3 Препорака CM/Rec(2022)16 на ЕКРИ ***Recommendation on Combating Hate Speech - Combating Hate Speech, 1680aada1b***

4 Supra note 2, види член 122 став 42 од Кривичен Законик.

Говорот на омраза е забранет преку повеќе одредби[5] од Кривичниот законик, и тоа:

- „Загрозување на сигурноста“;
- „Изложување на подбив на македонскиот народ или на припадниците на заедниците“, „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“;
- „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“;
- „Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства“, и
- „Расна и друга дискриминација“.

Овие дела, во суштина, го забрануваат секое омаловажување, разгорување и ширење нетрпеливост и омраза, загрозувањето на сигурноста и изложувањето на подбив на различни групи луѓе во општеството поради нивните лични карактеристики или припадноста кон одредена група, кое најчесто се случува по основ на раса, религија, етничка припадност, национално потекло, јазик, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, класа/социјално потекло, телесна и/или интелектуална попреченост.

Повеќе за делата од омраза од кривично правен дел ќе може да прочитате во **Глава 5 - Постапување со деца сторители на кривични дела или прекршоци.**

5 Ibid, член 144, 179, 319, 394-г, 407-а и 417 од Кривичен Законик.

2. ДЕФИНИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

Јасно именување на насилството е неопходен прв чекор.Доколку возрасните не ги препознаваат прецизно сите форми со кои се манифестира насилството, децата поотворено ќе го применуваат.

Во литературата и секојдневната употреба се користат различни дефиниции за насилство кои истакнуваат неколку заеднички карактеристики кои се присутни во различните облици на манифестирање на насилно однесување. Заради успешно препознавање на карактеристиките кои се присутни при манифестација на насилно однесување би се навеле следните:

1. Употреба на физичка сила за да се повреди некој или за да се оштети нешто;
2. Незаконска употреба на неоправдана сила или ефект од чин на заканување со истата.[6]
3. Насилство или насилно однесување е: агресивно однесување при кое субјектот или сторителот го користи сопственото тело или предмет (вклучувајќи и оружје) за да нанесе повреда или за да предизвика непријатност кај друга личност.[7]
4. Секој облик на еднаш применето или повторено вербално или невербално однесување кое за последица има реално или потенцијално загрозување на здравјето, развојот и достоинството на детето/ученикот/чката.[8]
5. Сите форми на физичко, психичко, емоционално, социјално, сексуално и кибернасилство, повреди или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање и експлоатација.[9]
6. Вознемирување кое се состои од однесување поврзано со различни облици чија цел е постигнување на ефект на прекршување на достоинството на личноста и креирање на непријателска, застрашувачка, понижувачка или напаѓачка средина, опкружување.[10]
7. Примена на физичка сила или моќ над друга личност или против група или заедница кое резултира во повреда, психолошка повреда, неправилен развој или лишување од моќ, смрт.[11]

6 Енкартов светски англиски речник-(Encarta WorldEnglishDictionary, Encarta 1999)

7 Олвеус (Olweus 1999, сур.12)

8 Прошева Александра, Бошкова, Мери. Прирачник за примена на посебен протокол за заштита на деца и ученици од насилство, малтретирање и занамарување во воспитно-образовните институции, ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2018, достапен на: ***https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/priracnik-nastavnici-print.pdf***

9 Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, ***https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/pravilnici-mon-file-sUUF.pdf***

10 ECRI Glossary - European Commission against Racism and Intolerance (ECRI), ***https://www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/ecri-glossary***

11 Ibid.

Ученик ја чукнува соученичката по задниот дел во повеќе ситуации. Се исмева на незадоволството и непријатноста која ученичката ја покажува. Ученичката се обраќа кај наставничката со поплака за повторените непристојни задевања од соучениокот, а наставничката ја „теши“ велејќи дека таа всушност му се допаѓа на нејзиниот соученик.

Доколку наставникот/чката не го именува јасно несоодветното однесување кај детето со тоа како да нуди дозвола да го повторува истото однесување ученикот. Истовремено не нуди заштита на ученичката и праќа порака дека системот не реагира во заштита.

Како заеднички карактеристики кои се среќаваат во различните понудени дефиниции на насилно однесување би ги издвоиле:

- примена на физичка сила и нанесување на физичка повреда;
- примена на психичко, емоционално и социјално насилство и предизвикување на повреда по менталното здравје, емоционално и социјално, како и по достоинството и личноста на детето /ученикот;
- предизвикување на последици преку малтретирање, вознемирување, булинг, злоупотреба, занемарување, несовесно постапување и експлоатација;
- насилство применето во виртуелниот простор на интернетот и
- примена на повреда со употреба на телото или зборови или некој предмет.

2.1. Облици на насилство

Потребно е наставниците јасно да ги препознаваат, разликуваат и отворено именуваат облиците на насилство кога учениците го применуваат.

Кога се зборува за облици на насилство кои може да се случат во училиштата потребно е да се разликува –

- Насилство како поединечен чин кое се случува еднаш меѓу два или повеќе учесници во училиштето при што се нанесува повреда од некој вид – физичка, психичка, емоционална.
- Насилство кое е со намера, се повторува во повеќе наврати и се одвива во услови на неизедначена моќ меѓу вклучените.
- Врсничко насилство кое се случува меѓу ученици со примена на различни облици на сила, застрашување, заканување, нанесување на физичка, емоционална и друга психичка повреда.
- Конфликт меѓу ученици кој се развива во физичка пресметка и нанесување на повреда.
- Насилство од возрасен кон дете / ученик.
- Насилство од ученик кон возрасен – наставник, стручен соработник, друг вработен.

Физичко насилство е однесување при кое со употреба на физичка сила со или без други средства се нанесува физичка повреда на ученикот.

Психичко/ емоционално / вербално насилство е секој облик на интеракција меѓу учениците со примена на исмевање, заплашување, понижување, искористување, вознемирување кое доведува до краткотрајна или долготрајна повреда на психичкото и емоционално здравје на ученикот и учениците.

Социјално насилство вклучува облици на однесување кое доведува до одвојување на ученикот врз основа на различност, доведување до позиција на нерамноправност, нееднаквост, дискриминација со недружење, неприфаќање, изолирање по било која основа.

Сајбер насилство е облик на малтретирање и вознемирување преку користење на компјутер, мобилен телефон и слични уреди со примена на навредливи, непосакувани пораки, фото и видео материјали, електронски пораки, коментари на социјалните мрежи.

Родово базирано насилство претставува акт или закана од физичко, психичко или сексуално насилство кое се случува во и околу училиштата како резултат на нееднакви родови норми, стереотипи и нееднаква динамика на моќта.

Сексуално насилство е вербално, физичко или симболичко однесување од сексуална природа со кое ученик/ка сексуално се вознемирува, наведува или принудува на учество во активности од сексуална природа.

Упатување на извори - сите опишани облици на манифестација на насилно однесување детално се опишани во документите:

- Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
- Прирачник за примена на посебен протокол за заштита на деца и ученици од насилство, малтретирање и занамарување во воспитно-образовните институции.
- Прирачник за наставници за примена на родова сензитивност во основно училиште.[12]

На прашање на училишниот психолог „Се случува ли да се манифестира некоја форма на насилство на часови меѓу ученици", предметната наставничка прашува "Како на пример....". Психологот дава опис „На пример на час кога одговара ученик/чка и прави грешка и му/и се смеат сите ученици". Наставничката одговара "Па добро де, сите ќе се насмееме".

Неисмевањето на нечија ненамерна грешка е вештина која се учи на рана возраст и е одраз на развиена емоционалана писменост на личноста. Доколку возрасниот не ја именува несоодветната постапка и се придружи на истата децата учат дека во ред е таа постапка.

2.2. УЛОГИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВКЛУЧЕНИТЕ СТРАНИ ВО СИТУАЦИИ НА НАСИЛСТВО

Секој/а ученик/чка во одредена ситуација може да стане жртва во ситуација на насилство, да делува од улога на сторител/лка на насилство или биде во улога на сведок или сведок-учесник. Одговорноста е на наставниците да ги препознава манифестациите на насилно однесување, како и карактеристиките кои се манифестираат кај учениците и нивната улога во ситуациите на насилство и начините како може да влијае на учениците, во различни ситуации на училишниот живот и во училишниот простор.

Одредена група на ученици е особено ризична да биде изложена на насилство во училиште. Тоа се:

- деца/ученици кои имаат ниска самодоверба и самопочит, кое може да е и физички забележливо (слаби или премногу крупни, ниски и сл.),
- деца/ученици со попреченост/пречки во развојот,
- деца/ученици кои се надарени,
- деца/ученици од различни етнички, религиски или социјални групи,
- деца/ученици со низок социо-емоционален статус,
- деца/ученици со различно определување по родовиот идентитет
- нови деца/ученици во одделението/паралелката.

12 Јанкуловска Снежана, Прирачник за наставници за примена на родова сензитивност во основно образовние, Институт за човекови права, 2020, ***https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Priracnik%20-%20rodova%20senzitivnost%202020.pdf***

Препознатливи состојби или облици на однесување кај ученици кои применуваат насилство:

- се однесуваат агресивно кон другите деца, родителите, наставниците;
- имаат потреба да доминираат, да ги контролираат другите, да ја покажуваат својата моќ, на агресивен начин да бараат внимание и признание;
- покажуваат тенденција да задеваат други деца на непријатен начин со подбивање, заплашување, закани, исмевање, ги туркаат, гаѓаат, удираат и оштетуваат сопственост на соучениците;
- отежнато се приспособуваат на правила, тешко поднесуваат забрани и одложување на задоволување;
- тешко поднесуваат неуспех, не се толерантни, не прифаќаат различности;
- импулсивни се и манипулативни;
- развиваат негативна перцепција за другите а во ред случаи и за себе;
- имаат сиромашни социјални вештини;
- покажуваат потешкотија да сочувствуваат со другите;
- покажуваат отпор да ги разберат своите постапки и прифатат одговорност за нив,
- покажуваат тенденција да ги задоволуваат своите потреби по принципот „сега и овде“ и
- си земаат за право да ги контролираат другите преку физичко напаѓање или омаловажување, импулсивни се и манипулативни со потреба преку агресивно постапување да ги вртат случувањата во своја корист.

Препознатливи состојби или облици на однесување на ученици кога се потенцијални жртви:

- ниска самодоверба и самопочит;
- несигурни во себе;
- срамежливи и тивки;
- анксиозни, емоционално пречувствителни;
- повлечени, осамени;
- делуваат повлечено, потиштено, плашливи,ранливи;
- збунети како да дејствуваат, да возвратат;
- потешкотии да формираат и одржуваат пријателства;
- физички послаби од ученик/ци кои делуваат како насилник;
- често се исклучени и изолирани од групата врсници;
- од соучениците се задевани, исмевани, им се одземаат личните предмети;
- тешко се решаваат да говорат отворено во одделението/паралеката и
- се случува да покажуваат слабеење во училишниот успех.

Улоги на **сведок/сведоци** во насилна ситуација:

- „Помагач " – го охрабрува насилникот и повремено се приклучува;
- „Засилувач" – не учествува директно, но ќе обезбеди публика. Ќе се смее или обезбеди друга поддршка на ученикот/чката кој/а применува насилство што може да го охрабри продолжувањето на насилството;
- „Набљудувач" – останууваат одвоени од ситуацијата на насилство, не го засилува, ниту брани ученикот/чката кој/а трпи насилство. Но, со пасивното присуство како публика може да го охрабри малтретирањето и
- „Бранител" – може да интервенира кога се случува насилството со одбрана и поддршка на дете/ученик/чка кој/а трпи насилство.[13]

Училиштето е потребно да развива програми и активности за поддршка на учениците кои може да се најдат во секоја од наведените улоги:

- Превентивни активности од едукативна содржина која ги едуцира и возрасните и учениците да ги препознаваат облиците на насилство и развиваат облици на постапување со кои може да се спротивстават на насилство и развиваат вештини на толеранција и соживот и
- Активности и програми кои се фокусираат на ризичните групи на ученици како работилници на кои се работи на развивање на вештини на толеранција на различности, развивање на емпатија, развивање на социјални вештини во управување со односи, вештини за самосвесност, вештини во управување со емоции, шеми на развивање на пријателство, посредување и разрешување конфликти, вештини на ненасилна комуникација со други.[14]

13 Supra note 8.

14 Ibid, Olweus, Limber, and Mihalic (1999) Are key researchers responsible for defining bullying and developing the Olweus Bullying Prevention Program (OBPP).

3. ПРОГРАМИ – СТРАТЕГИИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО[15]

Училиштето е потребно да е добро организирано и подготвено да реагира на секоја ситуација на насилство која може да се јави во самото училиште и непосредното опкружување. Подготвеноста и добрата организација подразбира развивање и креирање на документи кои го адресираат насилството и начините на постапување на училиштето во ситуации на сомневање за насилство и одвивање на насилна ситуација или насилни ситуации.

Документи кои го адресираат насилството и постапувањето во ситуации на насилство се:

1. Политика на ненасилство на училиштето
2. Програма за постапување и спречување на ситуации на насилство во училиштето
3. Правилник или Упатство за постапување во ситуации на насилство и заштита на ученик жртва на насиство, вознемирување и запоставување[16]

Како и придружни документи кои ја поддржуваат Политиката и Програмата на училиштето за нулта толеранција на насилство и безбедно училиште, како:

- Протоколи на постапување во ситуации на насилство,
- Протоколи на поддршка на ученици од ризичните групи во ситуации на насилство;
- Протокол за поддршка на ученици со емоционални потешкотии;
- Протокол на постапување во ситуации на кршење на правилата на однесување во училиштето;
- Протокол за постапување во кризни ситуации.

Наведените документи е потребно да се развијат преку соработка и вклученост на сите учесници во училиштето и воспитно-образовниот процес: наставниците, стручните соработници, менаџерскиот тим и директорот, учениците и родителите.

Со креираните документи е неопходно да бидат запознаени сите субјекти вклучени во воспитно -образовниот процес во училиштето. На почетокот на учебната година училиштето и одговорните потребно е да ги запознаат сите училишни тела со постоечките документи и постапки на реакција во ситуации на насилство – наставничкиот совет, училишниот одбор, советот и одборите на родители, ученичката заедница /парламент, сите ученици и родителите.

Изготвената Програма и Политика на ненасилство е потребно да биде составен дел од Годишната програма за работа на училиштето. Постоењето на Програмата и Политиката на ненасилство обезбедува планирање и остварување на превентивни активности, реактивни активности, воспоставување на јасни улоги и процедури во ситуации на насилство и помага во подигањето на нивото на свеста и осетливоста на насилство.

---

15 Види повеќе: Olweus, Limber, and Mihalic (1999) are key researchers responsible for defining bullying and developing the Olweus Bullying Prevention Program (OBPP; Popadić D, 2009); Nasilje u shkolima ***https://prosveta.gov.rs/wp-content/uploads/2015/08/nasilje-u-skolama-za-web.pdf Smokowski and Holland Kopasz K, 2005). Bullying in schools: an overview of tips, effects, family characteristics and intervention***

16 Министерство за образование и наука, Правилник за начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција, и Правилник за начин за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формита на насилство, злоупотреба и занемарување достапни на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***

- "Политиката за ненасилство и заштита на ученик на училиштето" како училиштен документ ги дефинира ставот на училиштето кон насилството и безбедноста на учениците и сите други присутни, целите на училиштето во однос на безбедноста, улогите и одговорностите на сите присутни и во општи црти ги определува мерките кои ќе ги презема училиштето. Елементи кои е потребно да ги содржи:
  - Мисија и Цел на училиштето во однос на безбедноста
  - Цели на политиката на ненасилство
  - Дефинирање на формите на насилство кои ќе ги препознава и адресира
  - Принципи на кои се темели
  - Улоги и одговорности на сите засегнати страни кои во училиштето придонесуваат за намалување на насилството, кои се јасно и конкретно опишани и наведени во документот – директорот, наставниците, стручните соработници, учениците, родителите, локалната заедница.

Исто така може да се планираат и – награди во случаи на истакнување со соживот и ненасилна и поддржувачка клима за работа и корективни механизми и мерки во случаи на манифестирање на насилно однесување, облиците на поддршка кои ќе ги пружи кон наставниците, кон учениците, соработка и вклучување на родителите и секако следење и евалуација на политиката која станува дел од животот во институцијата, не само испишана хартија.

Ученик/чка пријавува закана со физичко насилство од соученик/чка. Пријавениот ученик/чка опишува незадоволство од ученикот/чката кој/а го пријавил/ла поради повеќе неделно дејствување на ученикот/чката со озборување и ширење на невистини за своите соученици и поттикнување.

Одговорните во училиштето потребно е внимателно да ги испитаат односите меѓу учениците и постапките кои довеле до манифестација на насилно однесување. Иако наизглед ненасилна постапка на ученик/чка кој/а првично пријавил/а, токму тие постапки довеле до нарушување на односите на поголем број ученици, нездрава клима во паралелките и потенцијален извор на посериозен конфликт.

- "Програма за ненасилство и заштита на учениците од насилство" е документ кој е составен дел од годишната програма за работа на училиштето и е наменет да го поддржи препознавањето на сите конкретни облици на насилство кои може да се случат и да предвиди и испланира превентивни, реактивни и корективни активности и мерки за постапување и заштита и при тоа, да е поврзан со другите придружни документи кои го адресираат насилството и безбедноста на учениците и другите присутни во училиштето.[17]

17 Правилник за начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција, Министерство за образование и наука, достапен на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***

Програмата за ненасилство и заштита од насилство потребно е да планира активности за:

- следење на состојбата во училиштето во однос на безбедноста и нарушувања на истата (прашалници и анкети) и
- конзистентна евалуација на ефективноста на процедурите, постапките, мерките и активностите за заштита.

Анализата на состојбите во однос на безбедноста вклучува редовно следење (секоја учебна година) на облиците на насилно однесување кои се јавуваат во училиштето, начините на нарушување на безбедноста, безбедноста во однос на просторите во училиштето и каде се чувствуваат присутните најбезбедно и каде се чувствуваат помалку или најмалку безбедно, како и климата на односите.[18]

Во анализата на состојбата за безбедност треба да бидат вклучени сите субјекти во училиштето: учениците, наставниците и родителите. При тоа потребно е да се следат состојбите во однос на – безбедноста на учениците и физичката, емоционална и социјална добросостојба на учениците.

- Програмата за заштита на учениците од насилство треба да е усогласена со постоечките закони и законски акти, со другите документи на училиштето како статуот, куќен ред, кодекси на однесување како и со основните принципи и начела согласно на Конвенцијата за правата на детето.


Основните принципи и начела на Конвенцијата за правата на детето се: право на живот, опстанок и развој, најдобар интерес на детето, недискриминација и еднаквост.

Елементи кои треба да ги содржи **Програмата на ненасилство и заштита на учениците** од насилство:

1. Дефинирање на видовите насилство во училиштето;
2. Планирање на превентивни активности;
3. Мерки на интервенција;
4. Планирање на реакција на лице-место-ситуација;
5. Планирање на активности за поддршка на учениците во сите улоги во кругот на насилство и
6. Дефинирање на начините на евидентирање на облиците на насилство кои се случуваат во училиштето и воспоставување и планирање на активности за следење на развојот на ситуации кои ги решава училиштето.

18 Правилник за начин за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формита на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерство за образование и наука, достапен на: ***https://arhiva.mon.gov.mk/content/?id=10276***

Пријавување на насилство



Потребно е да се воспостават процедури на пријавување на насилство и со истите да бидат запознаени сите субјекти во училиштето: учениците, родителите, наставниците, училишните тела, административните и технички служби во училиштето.

3.1. Превентивни активности

Превенцијата на насилство во училиштата подразбира збир на мерки и активности кои имаат за цел сигурна и безбедна средина, развивање и негување на соживот, соработка и вештини на ненасилна и асертивна комуникација, развивање на вештини за препознавање и ефикасна реакција во ситуации на насилство, како и препознавање на предуслови и проблеми кои може да се развијат во насилство.

Активности на превенција кои може да се планираат и воспоставуваат:

- Навремено воочување на потенцијално насилство и отстранување на ризиците;
- Планирање и воспоставување на процедури и постапки на пријавување на ситуации на насилство или потенцијално насилство;
- Подготовка за соодветна реакција доколку се случи насилството;
- Сеопфатна ресоцијализација на учесниците во ситуација на насилство;
- Заштита на правата и поправање на штетата и повредите кај тие кои трпат поради насилството;
- Подигање на свеста за видовите насилство, делувањето и последиците од насилство;
- Дефинирање на правила на однесување – кодекси на однесување на училиштето и последици од непочитување на правилата;
- Запознавање на вработените во училиштето - наставниците, помошниот персонал со улогите, задачите и одговорностите при примена на процедурите и постапките при насилство;
- Организирање на едукативни активности, работилници и обуки за ненасилна комуникација, разрешување на конфликти, грижа за ментално здравје, теми поврзани со врсничко насилство, улогите во кој било облик на насилство, последиците од примена на насилство – за учениците и наставниците;
- Соработка и видови на соработка со родителите;

- Континуирана работа на обезбедување на сигурни простори во училиштето и
- Предвидување на соработка со локалната заедница и институциите на заедницата за поддршка во ситуации на потенцијално или насилство кое се случува.

3.2. Мерки на интервенција

Најважен чекор во обезбедување на простор во кој сите ќе се чувствуваат безбедно е навремено реагирање на СЕКОЈА ситуација на потенцијално насилство и насилство кое се случува.

Мерките на интервенција ги подразбираат сите чекори, процедури и активности кои се преземаат во училиштето за да се запре ситуација на насилство кога се случува, кога постои сомневање и ризик од развивање на насилна ситуација и последици од истата, како и сите ситуации кога се случува злоупотреба или занемарување. Целта на мерките за интервенција е да се запре насилната ситуација, ублажат последиците и поправи штетата која е предизвикана, врати сигурноста за децата и учениците, како и другите присутни. Во мерки на интервенција се вклучуваат:

1. Утврдување на *нивоата на насилство* и соодветно на истото задачите на секој од членовите на колективнот, односно тимот на насилство во ситуациите на насилство;
2. Утврдување на процедурите и чекорите на постапување соодветно на најчестите ситуации на насилство или можно предвидување на потенцијални ситуации на насилство;
3. Утврдување на редослед на чекори на постапување на лице-место –ситуација – каде точно се пријавува, кој реагира во моментот на случување, како се прекинува насилната ситуација, испитување и информирање за настаната ситуација со директно вклучените лица и сведоците;
4. Утврдување на улогите, одговорностите и постапките на вработените и училишните служби – Кој, Кога и Како реагира во ситуации на насилство кое се случува или постои сомневање или ризик од развој на насилство, кој и како ги информира родителите на учениците, кој и како комуницира со други служби и медиуми доколку за истото се покаже потреба;
5. Вклучување и соработка со надворешни институции и служби кога за истото постои потреба – на пример насилство од поголем обем или вон училиштето, а последиците ги опфаќаат присутните во училиштето;
6. Примена на чекори и постапки за утврдување на последиците и заштита на детето/ученикот/чката/лицето кое трпи насилство;
7. Начините на советодавна работа со детето/ученикот/чката кој/а применува насилство;
8. Предвидување на постапки и интервенција во непосредната околина или група каде се случило насилството на пример одделението или паралелката со цел да се намали или оневозможи ширењето на негативните последици по климата на односи во групата;
9. Вклучување на родителите и соработка со родителите со информирање, повикување на соработка и советување кон поддржувачко и позитивно постапување и
10. Евидентирање на ситуациите на насилство.

► Прекинување на насилството – Реакција – на лице место-ситуација

Насилно постапување може да се случи во секој простор и секаков контекст – во училишните ходници, во училишниот двор, во училница, на час, за време на училишна активност или слободна за учениците, во училишните тоалети, во домовите на учениците, во виртуелниот простор во кој комуницираат учениците и возрасните. Може да биде од физичка природа директна и очигледна со примена на помала или поголема физичка сила и/или предмет или да биде именувано како шегување, но со нанесување

на психичка повреда и понижување. Може да биде во различни облици на емоционално и социјално насилство со исмевање, коментирање на нечиј изглед, карактеристики, личност, озборување и други облици на прикриено насилство или со очигледен или прикриен говор на омраза. Обврска на секој во училиштето и над се на возрасните и вработените е прекинување на секоја ситуација на насилство и потенцијално насилство над дете и ученик/чка.

Постапување на лице-место-ситуација

1. **Прекинување на насилната ситуација**

   Обврска за прекинување на насилна ситуација има секој – наставник/чка, стручен соработник/чка, административен работник/чка, техничката служба, директорот/ката, ученик/чката. При пријавувањето на насилна ситуација се почитува *процедурата за пријавување*.

2. **Смирување на ситуацијата**

   Обезбедување на сигурност за детето/ученикот кое трпи насилство.

   Разговор со вклучените – ученик/ка кој трпи насилство, ученик кој применува, набљудувачите. Обезбедување соодветен простор и време за разговор.

   Според потребите и ситуацијата - вклучување на лица за поддршка - член на тим за безбедност на училиштето, стручен соработник, родители, предметен наставник, директор, полиција, служба за брза помош.

3. **Разговор со вклучените** – јасно истакнување дека насилно однесување не е дозволено во училиштето. Укажување дека целта е да се реши конфликтот, смири ситуацијата, сослушаат сите вклучени, согледаат причините и потребите.

Препораки за разговор:

- Се истакнуваат условите на одвивање на разговорот, да се сослушаат без прекинување, навредување не треба да се користи, да говорат искрено;
- Се сослушуваат сите вклучени во ситуацијата;
- Се постапува смирено, се зборува со мирен и контролиран тон на глас;
- Се пристапува без судење, минимизирање или преувеличување на ситуацијата;
- Се говори со речникот кој учениците го разбираат и користат;
- Се бараат информации за ситуацијата, што и претходело и како се развивала;
- Не се претпоставува, интерпретира, наметнува мислење без проверка на текот на ситуацијата и сослушување на согледувањата на сите вклучени;
- Се проверува со учениците дали точно е разбрано тоа што се кажало и слушнало;
- Се поставуваат прашања за начинот како постапиле во ситуацијата, како се чувствувале, што помислиле;
- Се поставуваат прашања за потребите кои ги имаат вклучените ученици;
- Со внимателно избрани зборови им се помага да разберат на учениците како насилната ситуација влијае на сите, кои се штетните последици, како влијаела на сите вклучени и на другите во околината;
- Се бара од учениците да предложат начини како ќе ја поправат предизвиканата штета и повреди;
- Се појаснува како понатаму ќе се постапи, што ќе биде направено и
- Не се ветува дека сè ќе биде во ред доколку истото со сигурност не е обезбедено.

Училиштето има обврска да обезбеди:

- Согледување на потесните и пошироките последици од насилната ситуација и намалување на истите;
- Поправање на предизвиканата штета и повреди;
- Следење на развојот на ситуацијата по прекинувањето и решавање на истата и на ефектот од постапката на помирување;
- Вклучување на родителите и соработка со родителите;
- Евидентирање и документирање на ситуацијата во соодветна датотека на службите на училиштето;
- Почитување и постапување според утврдените протоколи и процедури и
- Почитување на приватноста и постапување во „најдобар интерес на детето".

Со цел обезбедување на соработката на родителите на почетокот на учебната година јасно се истакнува политиката на ненасилство на училиштето и процедурите на постапување. Може да се понудат изјави на родителите со укажување на начините на постапување и повикување на соработка на кои даваат писмена согласност.

3.3. ТИМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето се одговорни сите за тоа учениците во безбедни услови да го следат воспитно -образовниот процес. Потребно е јасно да се определени задачите и улогите на секој при креирање и одржување на безбедна средина за раст и развој на учениците. Сепак не е доволно базичната организација и координација да ја носат едно до две лица вработени во училиштето. Од таа причина потребно е директорот/ката на училиштето да формира тим за безбедност.

Тимот за безбедност треба да содржи 3 до 6 членови - претставници на различните училишни тела – директорот/ката, претставници на стручната служба, на наставниците, на учениците, родителите и лице за обезбедување доколку има училиштето услови за ваков облик на услуга.

Активности на тимот за безбедност се:

- предлага, планира, изработува и дава поддршка за потполна имплементација на програмата за безбедност и заштита од насилство на училиштето;
- планира активности наменети за превенција, интервенција и следење на состојбите во однос на безбедноста на учениците и нарушувања на истата;
- соработува со другите училишни тела и локалната заедница и службите на локалната заедница според потребите;
- предлага и реализира обуки за ненасилна комуникација, решавање на конфликти, развивање на соживот, врсничко посредување и
- се вклучува како поддршка во ситуации на нарушување на безбедноста во училиштето, спроведување на мерките за заштита и обезбедување на сигурност за вклучените и останатите.

Дел од учениците во одделението/паралелката договараат напуштање на час заради избегнување на пополнување на тест по предметот математика.

Неколку ученици се спротивставуваат на групното напуштање на часот. Од страна на учениците кои иницираат напуштање на часот се иницира навредливо соочување на соучениците заради не придружување на одлуката за напуштање на час, социјално исклучување и други форми на социјално и емоционално насилство.

Вработените во училиштето (наставник/чка, стручен соработник, контакт-лицето) имаат задача да се вклучат во повеќе делови од иницираниот конфликт и насилно однесување.

На учениците е потребно да им се помогне да го разбираат и почитуваат правото на глас и одлучување на секој, да развиваат вештини на ненасилна комуникација, да ги совладаат вештините на поправање на нанесена повреда над друг ученик и ги разбираат правилата пропишани од училиштето.

4. ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО ВО ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНО И ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Законите го штитат интегритетот на секој ученик/чка и забрануваат секаков облик на насилство:

- телесно (физичко)
- психичко (вербално, емоционално)
- сексуално
- понижувачко однесување и казнување

Кој е одговорен за заштита на ученикот/чката?

Секој вработен во училиштето (наставници, стручни служби, помошен персонал) има обврска:

- да се грижи за најдобриот интерес на ученикот/чката
- да го почитува неговото достоинство

Што ако наставник/чка или вработен/на изврши физичко насилство врз ученик/чка?

- Се покренува дисциплинска постапка и
- Тоа може да биде основа за отказ од работното место.

Што ако ученик/чка нападне друг/а ученик/чка?

- Се покренува постапка за педагошка мерка за ученикот/чката што извршил/а насилство.

Што ако родител нападне ученик/чка?

- Директорот/ката е должен/а веднаш да го пријави случајот во МВР и Центарот за социјални работи и
- Институциите понатаму постапуваат според закон.

Што ако наставник/чка не интервенира за време на напад врз ученикчка?

- Се покренува дисциплинска постапка и
- Може да следува и отказ.

Кои се обврските на директорот/ката?

- Да го пријави секое насилство, злоупотреба или занемарување и
- Ако знае за можен напад и не преземе мерки, може да биде разрешен/на од должноста.

Што ако ученик/чка навредува наставник/чка или се однесува агресивно?

- Родителот/стрателот се упатува на советување;
- Психологот/педагогот подготвува неделен и месечен план за советување и
- По родителот, се спроведува советување и со ученикот/чката.

Дали има парични казни?

Да.

- Директорот/ката што ќе врши насилство или нема да пријави насилство ќе се казни со парична казна (изречени од надлежен суд)
- Наставник/чка што ќе врши насилство исто ќе се казни со парична казна (изречени од надлежен суд)

5. ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЛИ ПРЕКРШОЦИ

Во нашата држава започнувајќи од 2008 година за прв пат се донесе посебен закон кој го уредува постапувањето со деца сторители на прекршоци и кривични дела и со деца жртви на кривични дела, а сега се применува најновиот Закон за правда за децата.[19]

5.1. Постапка за деца под 14 години

И покрај тоа што децата стануваат кривично одговорни кога ќе наполнат 14 години, сепак и кога дете **пред навршување на 14 годишна возраст** ќе стори прекршок или кривично дело, МВР е должен да постапува и го известува надлежниот Центар за социјална работа и Центарот изготвува индивидуален план за работа, ги повикува родителот и детето во просториите на Центарот каде со советодавни разговори им помага детето да ја сфати тежината на кривичното дело или прекршокот и му дава совети и насоки на родителот какви мерки да презема спрема неговото дете за да се надмине и да не се повтори таа состојба, а може и да посредува помеѓу родителите на сторителот и оштетениот за надомест на штета.

5.2. Постапка за деца над 14 години

Кога **детето навршило полни 14 години возраст и** стори кривично дело, надлежениот јавен обвинител може да поведе **судска постапка** пред судот на подрачје каде живее детето.

Јавниот обвинител и дава насоки на полицијата какви дејствија да преземе (да изврши разговор со осомничените деца, со сведоци, да ги дактилоскопитра - да им земе отисоци од прсти, да им се одземат предмети кои ги употребиле при вршење на кривичното дело,да нареди судско медицински вештачења, гинеколошки и телесен преглед, компјутерски вештачења ако е сторено кривично дело преку телефон или компјутер, во полициска станица да се изврши препознавање или соочување помеѓу сторителот и жртвата на кривичното дело и други дејствија се со цел да се обезбедат законити и квалитетни докази за стореното кривично дело.

По собирање на потребните докази од страна на МВР до јавното обвинителство каде живее или има престојувалиште детето сторител се поднесува **КРИВИЧНА ПРИЈАВА.**

Судската постапка ја отпочнува јавниот обвинител така што до судијата за деца поднесува **БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСТАПКА** до судијата за деца при Основниот суд на чие подрачје детето има живеалиште или престојувалиште.

5.2.1 МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Согласно Законот , доколку некое дете кое сторило кривично дело, доколку постои опасност од бегство или да го повтори или доврши започнатото кривично дело може од страна на Судот да му бидат определени **мерки за обезбедување** присуство во текот на судската постапка а тоа се: да му се забрани да го напушти местото каде што живее, повремено да се јавува во судот, да му се одземе пасошот или да се забрани негово издавање, да му се забрани да посетува некое место и да му се забрани да се приближува или да контактира со определени лица.

19 Закон за правда на децата, Службен Весник на РСМ бр.66/2024 и 55/2025.

5.2.2 ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА

Ако детето е фатено при извршување на кривично дело може да се лиши од слобода и веднаш да се донесе во полициска станица каде заради извршување на разговор може да биде задржано 4 часа, а доколку треба да му се изрече мерка притвор може да биде задржано во полициска станица најмногу до 12 часа.

5.2.3. ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА

Заради обавување разговор детето сторител на кривично дело може да биде задржано 4 часа, а со дозвола службеник за прихват и до 6 часа доколку треба детето да се изведе пред судија за деца кој ќе одлучи дали ќе пушти или ќе му определи мерка привор детето се задржува во станица најмногу до 12 часа.

Спрема дете и покрај тоа што е дете може да му биде определен **ПРИТВОР и КУЌЕН ПРИТВОР**.

Истите се определуваат од страна на Судијата за деца по претходен предлог на јавниот обвинител. Кога на дете сторител му се определува мерка куќен притвор истата може да биде комбинација со други мерки и тоа да не смее да го напушта домот, забрана да комуницира со определени лица и да не смее да користи средства за комуникација - телефон, компјутер

Притворот како најтешка мерка за обезбедување присуство се определува по претходно прибавено мислење од Центарот за социјална работа во исклучителни случаи за тешки кривични дела, со тешки последици и кај деца повторници во вршење на кривични дела Притворот може да трае 30 дена а истиот може да се продолжи уште на два пати по 30 дена. Притворот се определува во три случаи и тоа ако детето се крие и не може да му се утврди идентитетот и постои опасност од негово бегство, ако постои страв дека ќе ја попречува истрагата со влијание врз сведоци, вештаци и ако постои особен страв дека може да го повтори или доврши започнатато кривично дело.

5.3. КАЗНИ (САНКЦИИ) ЗА ДЕЦА

За децата се предвидени поблаги казни во однос на казните кои ги добиваат полнолетните сторители и тоа:

- дисциплински мерки Укор или (Упатување во центар за деца до 6 месеци во текот на неколку часови дневно, празници престојува таму)
- мерки на засилен надзор од страна на родител, старател, згрижувачко семејство или од страна на Центарот за социјални работи (1 до 3 години)
- заводски воспитни мерки - Упатување во воспитна установа (од 6 месеци - 3 години и Упатување во воспитно поправен дом во Тетово (од најмалку 6 месеци до 5 години

КАЗНИ СПРЕМА ДЕЦА (над 16 години возраст)

- Затвор за деца (од 1 до 10 години);
- Парична казна;
- Забрана за управување со моторно возило и
- Протерување странец од земјата.

Во судот на подрачје каде е родено детето сторител се води казнена и кривична евиденција за осудуваност на детето

5.4. КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Согласно Кривичниот законик: **дело од омраза**[20] е кривично дело сторено поради реална или претпоставена карактеристика на жртвата: раса, етничка припадност, религија, попреченост, родов идентитет, сексуална ориентација, политичко уверување, итн.

За овие дела се предвидени повисоки казни, особено за: **убиство, телесна повреда, закани, силување, разбојништво, насилство, оштетување имот, изнуда** и др.

5.4.1. КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ НА ДЕЦАТА

Во последните години се повеќе очигледно е дека насилството е проблем со кој се соочуваат децата и возрасните како по бројот на случаеви така и по тежината на обликот на насилното однесување. Во воспитно образовните установи децата се изложени на најразлични облици на врсничко насиство, но и насилство од страна на возрасните. Последиците ги погодуваат сите, и тие кои трпат насилство, и тие кој се однесуваат насилно и оние кои присуствуваат на насилните ситуации, поради што е потребно е да постои свест и ангажираност од сите поедници во училиштата, родителите и децата за обезбедување состојба на ненасилна средина односно безбедна средина за живот и учење на децата. Во последните години е зголемен бројот и на кривични и на прекршочни пријави против деца.

Децата над 14 годишна возраст одговараат за сторено кривично дело или прекршок.

Најчести прекршоци кои ги сторуваат деца се предвидени во Законот за прекршоците[21] против јавниот ред и мир и тоа:

- кога на јавно место со карање, викање или непристојно и дрско однесување го нарушуваат јавниот ред и мир;
- кога на јавно место со малтретирање, омаловажување, понижување и навредување на друг или со вршење присилба спрема друг предизвикуваат негодување на граѓаните, или ја загрозуваат нивната безбедност;
- кога на јавно место учествуваат, предизвикуваат или поттикнуваат друг на тепачка;
- кога на јавно место физички ќе нападне друго лице;
- кога се оддава на уживање на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори;
- кога го загрозува јавниот ред и мир во заеднички простории (столбиште, подрум, заграден двор) на станбена зграда во која не е населен, во двор или простории на училиште во кое не е ученик или во простории на друга јавна зграда

20 Види член 122 став 42 од Кривичен законик.

21 Закон за прекршоците, Службен Весник на РСМ бр.96/2019, 253/2023 и 13/2026. За сторени прекршоци се предвидени и соодветни глоби согласно истиов закон.

5.4.2. ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКА

Примери од практика (Основно јавно обвинителство Скопје):

1. **Физички напад врз ученици поради етничка припадност** → изречена мерка: засилен надзор.

   Деца од различна етничка заедница најпрвин им се приближиле и ги навредувале на етничка основа при што побарале од оштетените со друга етничка припадност да направат знак во облик на „двоглав орел", па кога тие одбиле да го направат тоа со тупаници и клоци ги удирале во пределот на главата и телото од кои удари оштетените здобиле телесни повреди.

   Спрема сторителите судот изрекол воспитна мерка Засилен надзор од страна на Центарот за социјални работи

2. **Физички напад врз учесник на Парада на гордоста поради сексуална ориентација** → изречена мерка: засилен надзор.

   Две деца критичниот ден го забележале оштетениот кој претходно учествувал на Парадата на гордоста и поради неговата сексуална ориентација - геј маж физички го нападнале удирајќи го со тупаници и клоци во пределот на главата и телото од кои удари истиот здобил телесни повреди.

   Спрема сторителите судот изрекол воспитна мерка Засилен надзор од страна на Центарот за социјални работи.

3. **Пример од практика со возрасен сторител** – релевантен за превенција кај малолетници

   Кривично дело - Ширење на расисистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од чл.394-г ст.1 од Кривичниот Законик (Основен кривичен суд К-913/24)

   Сторителот преку компјутерски систем во јавноста ширел друга репрезентација на идеа која поттикнува омраза против маргинализирана група, на начин што преку својот профил на социјалната мрежа *„Facebook"* под објавата на портал со наслов "Посебен режим на сообраќај во Скопје заради Парадата на гордоста" напишал коментар со содржина „Гордост е на колец низ плоштад да ве шетаат гнаси едни", со што поттикнал омраза кон ЛГБТИ заедницата како припадници на маргинализирана група врз основа на сексуалната ориентација.

   За овој настан на сторителот му е изречена алтернативна мерка-Условна осуда, така што му се утврдила казна затвор во траење од 1(една) година и истовремено определено е дека истата нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 1(една) година од правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

5.4.3. ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ НА ДЕЦА

Децата над 14 години одговараат за прекршоци. Најчести се од Законот за јавен ред и мир:

- Непристојно однесување, карање, викање;
- Напад или поттикнување тепачки;
- Малтретирање и навредување;
- Уживање наркотични дроги и
- Реметење ред во училишта или згради.

За овие дела се изрекуваат глоби.

Што ако се сомневаме дека детето носи нож, употребува насилство или говор на омраза кој што поттикнува насилство?

Се известува:

- **Инспектор по малолетничка деликвенција**;
- **Полициска станица** или безбедносен реон.

Каде да се пријави?

- Телефон: **192 или 112** (за итни случаи);
- Апликација на МВР: **„Црвено копче" (Red Button)**[22] – анонимни пријави. Може да се пријават било какви сознанија или информации од областа на злоупотребата на деца, криминал од омраза и повикување на насилство, како и трговија со луѓе.

Лажно пријавување е кривично дело.

Што ако детето насилник е под 14 годишна возраст?

И покрај тоа што децата стануваат кривично одговорни кога ќе наполнат 14 години, сепак и кога дете пред **навршувањето на 14 годишна возраст** ќе стори прекршок или кривично дело, МВР е должен да постапува и го известува надлежниот Центар за социјална работа и Центарот изготвува индивидуален план за работа, ги повикува родителот и детето во просториите на Центарот каде со советодавни разговори им помага детето да ја сфати тежината на кривичното дело или прекршокот и му дава совети и насоки на родителот какви мерки да презема спрема неговото дете за да се надмине и да не се повтори таа состојба, а може и да посредува помеѓу родителите на сторителот и оштетениот за надомест на штета.

Кога **детето навршило полни 14 години возраст** и стори кривично дело, надлежниот јавен обвинител може да поведе **судска постапка** пред судот на подрачје каде живее детето.

Јавниот обвинител и дава насоки на полицијата какви дејствија да преземе (да изврши разговор со осомничените деца, со сведоци, да ги дактилоскопитра - да им земе отисоци од прсти, да им се одземат предмети кои ги употребиле при вршење на кривичното дело, да нареди судско медицински вештачења, телесен преглед, компјутерски вештачења ако е сторено кривично дело преку телефон или компјутер, во полициска станица да се изврши препознавање со соочување помеѓу сторителот и жртвата на кривичното дело и други дејствија се со цел да се обезбедат законити и квалитетни докази за стореното кривично дело)

ВАЖНО: Создавањето услови за безбедно детство и заштита од насилство е наша заедничка и приоритетна одговорност. Насилството, злоупотребата и занемарувањето може сериозно да го загрозат здравјето, развојот и достоинството на децата, и претставуваат повреда на нивните основни права. За децата да се чувствуваат сигурно и безбедно, неопходно е секогаш навремено да се реагира на сите облици на насилство.

22 Министерство за внатрешни работи, Црвено копче, ***http://redbutton.mvr.gov.mk/***

Прилог 1.

Програма за ненасилство и безбедност на ученик во ситуации на насилство, малтретирање и запоставување во училиштето

Активности	Вклучени лица	Временска рамка	Индикатори за постигнатото	Мониторинг и евалуација
1. Идентификување на формите на насилство кои постојат во училиштето • Идентификување на ученици со насилно/ проблематично однесување	Стручна служба наставници ученици Училишен тим за справување со насилство	континуирано во текот на учебната година	• педагошка евиденција • записници од работа на Стручната служба	директор Наставнички совет Училишен одбор ученичка заедница ученици родители
2. Воспоставување и промовирање на добри безбедносни механизми во училиштето • Развивање на Програма за препознавање и реакција при предконфликтни ситуации • Изготвување на Протокол за кризна интервенција кој ќе ги дефинира чекорите и постапките во кризни ситуации • Воспоставување на Кодекс на однесување кој е базиран на правата на сите за учење и работа во безбедна училишна средина • назначено лице/лица соодветно на смени во училиштето кои ќе бидат одговорни за адекватна и навремена реакција при потенцијално конфликтни ситуации, конфликтни или кризни ситуации	Стручна служба наставници ученици Директор Училишен тим за справување со насилство наставници	во текот на учебната година	Изработена Програма за препознавање на пред конфликтни ситуации и реакција со дефинирани постапки, чекори и активности Изготвен Протокол кој ќе ги дефинира активностите, мерките и одговорните лица -Изготвен Протокол за кризна интервенција Изготвен Кодекс на однесување Број на назначени лица одговорни за реакција при конфликтни ситуации	Директор Наставнички совет Училишен одбор ученичка заедница ученици родители просветни инспектори

Активности	Вклучени лица	Временска рамка	Индикатори за постигнатото	Мониторинг и евалуација
3. Креирање на политика на нетолеранција на насилството во училиштето • Развивање на механизми на пријавување и поплаки за постоечките форми на насилство во училиштето • Спроведување на активности за промовирање на ненасилни облици на комуникација, решавање на конфликти, наставни и воннаставни активности со агенда Ненасилство	Стручна служба наставници ученици Директор училишна заедница Училишен тим за справување со насилство	во текот на учебната година	педагошка евиденција Извештаи од работата на Стручната служба Записници од приложени поплаки од ученици, родители, наставници Извештаи од организирани и релизирани активности, работилнци, предавања	Директор ученици Стручна служба просветни инспектори Ученичка заедница
4. Реализација на едукативни активности за наставничкиот кадар и учениците • Спроведување на работилници за наставничкиот кадар и учениците со теми ненасилно решавање конфликти, комуникација, асертивност, карактеристики на адолесцентниот период, личен развој и др.	Стручна служба ученици надворешни соработници Училишна заедница Училишен тим за справување со насилство	во текот на учебната година	Извештаи од реализирани работилници, Извештаи од советодавна работа на стручните соработници на класните часови	директор просветни инспектори Активот за општествени науки Ученичка заедница
5. Соработка помеѓу училиштата • поврзување со стручните соработници, ученици и наставници од други училишта со цел соработка низ активности, размена на искуства, учество во организирани натпревари и др.	ученици наставници Стручна служба претставници на Стручна служба од други училишта наставници од други училишта	во текот на учебната година	извештаи од реализирани активности	директор Стручна служба Ученичка заедница

Активности	Вклучени лица	Временска рамка	Индикатори за постигнатото	Мониторинг и евалуација
6. Соработка со родители • почести родителски средби • зголемен број на состаноци на Советот на родители • индивидуална и групна работа со родители на ученици чие однесување отстапува од примерното	Стручна служба родители класни раководители наставници	во текот на учебната година	педагошка евиденција записници од одржани родителски состаноци записници од состаноци на Советот на родители записници од советодавна работа со родители	директор родители просветни инспектори
7. Соработка со полицијата, Службата за малолетничка деликвенција и со локалната заедница • Воспоставување на Договор за соработка со одговорно лице од Центарот за превенција при МВР • Организирање на предавања, трибини од страна на полицијата или Одделението за малолетничка деликвенција • Воспоставување на контакт врска со полициска станица која брзо би интервенирала при кризни ситуации	Стручна служба Претставници од полиција Претставници од Оделението за малилетничка деликвенција	во текот на учебната година	Реализиран Договор за соработка со надлежната институција (Полиција, Одделение за малолетничка деликвенција) Извештаи од реализирани предавања, трибини или посети на претставници од полицијата и Одделението за МД во училиштето	директор Стручна служба училишен тим за справување со насилство родители просветни инспектори

Активности	Вклучени лица	Временска рамка	Индикатори за постигнатото	Мониторинг и евалуација
8. Физичко обезбедување на просторот во училишната зграда и училишниот двор • дежурства на наставници за време на часовите, периодот меѓу двете смени и за време на големиот одмор • Присуство на лица за физичко обезбедување во училишната зграда и училишниот двор во текот на работа на двете смени со ученици во училиштето • Поставени камери на соодветни места во училиштето	Директор наставници Град Скопје лица за физичко обезбедување лице назбачено за следење на работата и материјалот на камерите	во текот на учебната година	воспоставени редовни дежурстава од наставници и Записници за дежурстава на наставниците, периодот на дежурство Записници од увид на настан, случка , настанат конфликт за време на настава, на одморите и сл ., превземени постапки, мерки лице за обезбедување редовно присутно во училишните ходници број на поставени камери	директор одговорни лица од Град Скопје Училишен тим за справување со насилство ученици

Прилог 2.

Политика за ненасилство на училиштето

Вклучени лица	Улоги	Одговорности
Директор	Го води процесот на пишување политиката, акциониот план и училишниот протокол Се залага за усвојување на политиката, акциониот план и училишниот протокол Ја следи имплементацијата на политиката Поттикнува и преку својот пример ги истакнува вредностите и принципите на кои се заснова политиката Одлучува за тоа кои постапки ќе се применат за разрешување на случаите на насилство – во договор со членовите на тимот за намалување на насилство Одлучува кога ќе се иницира соработка со други институции и организации	Одговорен за донесување на политиката, акциониот план и училишниот протокол Одговорен за доследно имплементирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол Одговорен за почитување на вредностите и принципите на политиката Одговорен за постапките кои се применуваат за разрешување на случаите на насилство Да воспостави и одржува соработка со локалната заедница и релевантни институции и организации
Наставници	Вклучени во процесот на изработка и донесување на политиката, акциониот план и училишниот протокол Имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа Воспоставување правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови Ги вклучуваат учениците во активности кои промовираат ненасилство – превентивни активности Воспоставување на соработка со родителите, информирање и вклучување на родителите во активностите на училиштето	Одговорност за имплементирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол Одговорни за примената и почитувањето на принципите и вредностите во работата со учениците Одговорни за вклучувањето на ненасилството како вештина и одговор на насилството Одговорни за воспоставувањето и примената на правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови Одговорни за пристапите кои ги користат во справување со насилното однесување Одговорни за соработката и вклучувањето на учениците и родителите во активностите на училиштето

Вклучени лица	Улоги	Одговорности
Наставници	Соработка со тимот за намалување на насилството во училиштето Водење евиденција за ситуации на насилство Пренесување на позитивните искуства на своите колеги	
Ученици	Придонесуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол Вклучени се во планирањето и реализацијата на активностите предвидени со акциониот план Ги применуваат стекнатите знаења и вештини за ненасилство, ненасилна комуникација и разрешување на конфликти Се вклучуваат во проекти, врсничката поддршка и сл.	Одговорност за спроведување на принципите и вредностите на политиката Одговорност за примена на поставените училишни правила Одговорност за своето однесување и комуникација со соучениците и возрасните.
Родители	Соработуваат и се вклучуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол Соработуваат и се вклучуваат во активностите на училиштето предвидени со акционите планови Соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот во училиштето	Одговорност за однесувањето на нивното дете Одговорни за својата вклученост и информираност за однесувањето и постигнувањата на детето во училиштето Одговорност за придржувањето кон правилата во училиштето и прифаќање на принципите за ненасилство и ненасилно разрешување конфликти
	Вклучени во процесот на пишување политиката, акциониот план и училишниот протокол Имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа Воспоставување на соработка со родителите, информирање и вклучување на родителите во активностите на училиштето Соработка со други институции и огранизации за случаи на насилно однесување	Одговорни за имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол Одговорни за примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа Одговорни за соработка со родителите Одговорни за соработката со други институции и огранизации за случаи на насилно однесување Одговорни за разрешувањето на ситуациите со насилство
Стручна служба	Советување и примена на различни ненасилни методи за разрешување на ситуации на насилство Водење евиденција за случаите на насилство	Одговорни за евиденција за случаите на насилство
Локална заедница	Поддршка и вклучување во имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол	Одговорна за следење на имплементацијата на политиката, акциониот план и училишниот протокол

Прилог 3[23]

Табела 1
Примери на насилни постапки кои предизвикуваат помала повреда, односно последици

ПРВО НИВО				
Физичко насилство	**Емоционално/ психичко насилство**	**Социјално насилство**	**Сексуално насилство**	**Насилство со злоупотреба на информатички технологии**
• удирање чврги • буткање • штипење • гребење • кубење • гризење • сопнување • валкање • уништување на предмети	• исмејување • омаловажување • озборување • навредување • употреба на погрдни имиња • пцуење • етикетирање • имитирање	• дофрлување • потсмевање • игнорирање • исклучување од групата врз основа на социјалниот статус, националност, врска припадност, полова/ родова ориентација...	• дофрлување • пцуење • негативни коментари • сексуализирани гестикулации	• повремени вознемирувачки повици на телефон • вознемирувачки пораки - СМС, ММС на социјалните мрежи итн
Ги решава самостојно воспитувачот / наставникот / одделенски или класен раководител во рамки на советодавно и воспитно -образовната работа со деца, групи, одделение, паралелка				

23 Табелите се преземени од Правилникот за начинот на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување ***https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/pravilnici-mon-file-sUUF.pdf***

Табела 2

Се применува при повторување на постапки опишани во табела 1 и насилни постапки кои предизикуваат поголема повреда, односно последици

ВТОРО НИВО				
Физичко насилство	**Емоционално/ психичко насилство**	**Социјално насилство**	**Сексуално насилство**	**Насилство со злоупотреба на информатички технологии**
• шамарање • удирање • газење • кинење на облеката • затварање • плукање • одземање или уништување на • сопственост	• уценување • закани • неправедно казнување • забрана за комуницирање • исклучување • отфрлање • манипулирање	• сплеткарење • игнорирање • отфрлање • невклучување • неприфаќање • манипулирање • експлоатирање/ • искористување • националистички навреди	• сексуално допирање • покажување на порнографски содржини • покажување на нтимни делови од телото • соблекување...	• огласи/коментари • клипови • блогови • злоупотреба на форуми и четувања • снимање со камера на насилсни сцени • дистрибуирање на снимки
Во заштита - воспитувачот / наставникот / одделенски или класен раководител кој во рамки на советодавно и воспитно-образовната работа со деца, групи, одделение, паралелка го вклучува тимот за заштита од насилство, стручен соработник, директор, родител				

Табела 3

Се применува при повторување на постапки опишани во табела 1 и 2 и насилни постапки кои предизикуваат значително посериозни повреди, односно последици

ТРЕТО НИВО				
Физичко насилство	**Емоционално/ психичко насилство**	**Социјално насилство**	**Сексуално насилство**	**Насилство со злоупотреба на информатички технологии**
• тепачка • давење • фрлање кое резултира • со посериозни физички последици/укажана помош од медицинско лице • предизвикување на изгореници • забрана за храна и пиење • изложување на високи/ниски температури	• застрашување со уцена • рекетирање • ограничување на движење • наведување на користење на психоактивби супстанции • вклучување во секти • занемарување	• серизни закани по живот • терор на група над поединец/група, дискриминација • организирање на затворени групи/ клан • навреди на национална, расистичка основа	• заведување од страна на возрасни • подведување • злоупотреба на моќта • наведување • изнудување на сексуална активнност • силување • инцест	• снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани • детска порнографија
Задолжително се вклучуваат и други институции (центар за социјална работа, полиција, здравствена институција...)				

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- ECRI Glossary - European Commission against Racism and Intolerance (ECRI), ***https://www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/ecri-glossary***
- Енкартов светски англиски речник-(Encarta WorldEnglishDictionary, Encarta 1999)
- Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен Весник на РСМ бр.258/2020;
- Закон за прекршоците, Службен Весник на РСМ бр.96/2019, 253/2023 и 13/2026
- Закон за правда на децата, Службен Весник на РСМ бр.66/2024 и 55/2025.
- Кривичен законик, Службен Весник на РСМ бр.37/1996, 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023; 188/2023
- Јанкуловска Снежана, Приручник за наставници за примена на родова сензитивност во основно образовние, Институт за човекови права, 2020, ***https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Priracnik%20-%20rodova%20senzitivnost%202020.pdf***
- Министерство за внатрешни работи, Црвено копче, ***http://redbutton.mvr.gov.mk/***
- Министерство за образование и наука, Правилник за начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција, достапен на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***
- Министерство за образование и наука, Правилник за начин за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формита на насилство, злоупотреба и занемарување, достапен на: ***https://arhiva.mon.gov.mk/content/?id=10276***
- Министерство за образование и наука, Правилник за начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција, ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***
- Министерство за образование и наука, Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, ***https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/pravilnici-mon-file-sUUF.pdf***
- Olweus, Limber, and Mihalic (1999) Are key researchers responsible for defining bullying and developing the Olweus Bullying Prevention Program (OBPP).
- Marija Rajkovic - "Uloge u vrsnjackomnasilju I skolskiuspehucenika" ***https://nardus.mpn.gov.rs/handle/123456789/4252***
- Popadić D, 2009); Nasilje u shkolima ***https://prosveta.gov.rs/wp-content/uploads/2015/08/nasilje-u-skolama-za-web.pdf***
- Препорака CM/Rec(2022)16 на ЕКРИ ***Recommendation on Combating Hate Speech - Combating Hate Speech, 1680aada1b***
- Правилник за начин за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, ***https://arhiva.mon.gov.mk/content/?id=10276***

- Правилник за начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција, Министерство за образование и наука, достапен на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***
- Прирачник за примена на посебен протокол за заштита на деца и ученици од насилство, малтретирање и занемарување во воспитно-образовните институции
- Прошева Александра, Бошкова, Мери. Прирачник за примена на посебен протокол за заштита на деца и ученици од насилство, малтретирање и занамарување во воспитно-образовните институции, ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2018, достапен на: ***https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/priracnik-nastavnici-print.pdf***
- Smokowski and Holland Kopasz K, 2005). Bullying in schools: an overview of tips, effects, family characteristics and intervention strategies ***https://www.researchgate.net/publication/274171218_Bullying_in_School_An_Overview_of_Types_Effects_Family_Characteristics_and_Intervention_Strategies***
- Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерство за образование и наука, 2020 година, достапно на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***

Оваа брошура е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови не нужно го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.



MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

www.coe.int

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

Институт за човекови права